Ваш деловен соработник во светот на бизнисот
# БИЗНИС ИНФО
99 години
Основана 1922
Број 467 www.mchamber.mk 17.9.2021



# АЗЕСКИ: ПОДДРШКА ЗА ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА И ЗА ИНОВАТИВНОСТА ВО КОМПАНИИТЕ ЗА ПОГОЛЕМА ПРОДУКТИВНОСТ И ЗА ИЗВОЗНА КОНКУРЕНТНОСТ

# ПОКРОВИТЕЛИ
## НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ПРЕМИУМ Покровители

Алкалоид Скопје · EVN · vitaminka · NLB Banka · GRANIT Building & Construction · IGM trade · T · МЕПСО Македонски електропреносен систем оператор · ECM Електрани на Северна Македонија · Gulf · Пекабеско · euro Nickel Industries · nextsense · VERO сè на едно место · Кожувчанка · Mermere Kombinat

## СТАНДАРД Покровители

ComfyAngel · OKTA · Раде Кончар - Сервис (Сервис и поправка на електрични производи) · Rade Končar-TEP · A1 · seavus (www.seavus.com) · Zan Mitrev Clinic · Cemoc · Croatia Osiguranje (Кроација осигурување) · Halkbank · Стопанска банка АД - Скопје (членка на NBG групацијата; На ваша страна) · scalefocus · Де-Ни Мебел · cargo-partner · Life Is On Schneider Electric

## СИЛВЕР Покровители

Екстра Меин (фреш е за нешто екстра) · Sparkasse Bank · Ultra! · SMELT-ING (Electro materials designing and installation) · Vezë Sharri · Lecker · elektro Sharri · Socotab Leaf tobacco · Swisslion · AllianceOne




**Посетете не’ на веб-порталот: www.mchamber.mk**

ISO 9001:2015

**Стопанската комора на Северна Македонија**
**ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ**
**со новиот стандард ISO 9001:2015**

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

# НАЈАВА ЗА ИНВЕСТИЦИСКА АКТИВНОСТ НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР




Инвестициите се клучот за заздравување на македонската економија во периодот на пандемија, но подолгорочно и за остварување на неопходните стапки на раст на БДП од над 5%, со цел да се оствари побрза конвергенција со дел од земјите од ЕУ. Во тој контекст, Стопанската Комора на Северна Македонија (СКСМ) е посебно заинтересирана за приватните инвестиции и за таа цел редовно го сондира мислењето на компаниите-членки преку анкети.

Првото прашање што се наметнува е дали во овие времиња на актуелна пандемија, приватниот сектор сака и може да инвестира?

Одговорот на овие прашања е потврден и базиран на спроведената анкета во август 2021 година за планираните инвестиции на компаниите - членки на СКСМ, во следните 12 месеци (сеп 2021 – авг 2022 година). Секако, овие најави за инвестициска активност на приватниот сектор може да се остварат само доколку опкружувањето во кое се спроведуваше анкетата остане исто или стане подобро. Тоа значи да нема нов бран, нови рестриктивни мерки во земјата и кај нашите најголеми трговски партнери, да продолжи процесот на вакцинација со забрзана динамика, односно ако ситуацијата се повеќе се нормализира.

Општи карактеристики на компаниите се :

- Во однос на големината, 16,7% се микро, 20,8% се мали, 31,2% се средни и 31,2% се големи претпријатија

- Според сопственичката структура, 64,6% од претпријатијата се во доминантно домашна сопственост, додека 35,4% претпријатија се во доминантно странска сопственост

- Претпријатијата беа агрегирани според здруженијата во Комората во кои членуваат . Најголем број од компаниите кои земаа учество во анкетата се од Здружението за градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите (22,9%), 16,7% се од Здружението за земјоделство и прехрамбена индустрија, 14,6% се од Здружението за финансиски организации и 10,4% се од Здружението за информатичко-комуникациски технологии

- Во однос на годините на постоење, 72,9% се компании кои работат повеќе од 10 години, 12,5% работат од 5 до 10 години, а 14,6% работат од 1 до 5 години

- Во однос на каде работат, на 56,3% од анкетираните компании активностите им се насочени и дома и во странство, на 31,3% активностите им се насочени само во Македонија, а на 12,5% им се насочени во странство.

Заклучни согледувања од спроведената анкета се:

- Во периодот септември 2021 – август 2022 година, 93,8% од компаниите кои одговориле на анкетата планираат инвестиции

-Вкупниот планиран износ на инвестиции на овие компании изнесува 161.054.020 евра

- Во однос на 2019 година, како последна споредбена година пред ковид пандемијата, 75% од компаниите се изјасниле дека планираните инвестиции во следните 12 месеци се повисоки

- 37,5% од компаниите изјавиле дека зголемувањето во однос на 2019 ќе биде повеќе од 51%

- Планираните инвестиции од 161.054.020 евра се распределени на следниот начин: машини и опрема 58.674.372,36 евра или 36,4% од вкупниот планиран износ на инвестиции; згради и земјиште 33.811.400 евра или 21% од вкупниот планиран износ на инвестиции; ИКТ и софтвер 24.927.191,36 евра или 15,5% од вкупниот планиран износ на инвестиции; истражување и развој 6.836.920 евра или 4,2% од вкупниот планиран износ на инвестиции, и други капитални инвестиии 36.804.136,78

евра или 22,9% од вкупниот планиран износ на инвестиции

- Според компаниите, реализацијата на планираните инвестиции најмногу ќе допринесе за следниве ефекти : зголемен промет (79,2%), зголемена добивка (75%), отварање на нови работни места (72,9%), зголемено производство (68,8%) и зголемување на извоз (52,1%)

- Вкупен ефект за државата во смисла на поголеми приходи на буџетот по основ на даноци, царини, акцизи, придонеси од плати, дозволи и сл., е 58.198.026 евра, што е еквивалентно на 36,1% од планираните инвестиции

- Ограничувачки фактори кои може да влијаат на реализацијата на планираните инвестиции (со можност за избор на повеќе фактори од страна на една компанија) во следниот период од 12 месеци за компаниите се:

o Законска регулатива и трошоци (даноци, парафискални давачки, дозволи и слично (62,5% од компаниите)

o Инфраструктура (43,8% од компаниите)

o Недостаток на соодветно квалификувана работна сила (41,7% од компаниите)

o Недостаток на средства (35,4% од компаниите)

o Намалена побарувачка за производите/услугите (33,3% од компаниите)

o Други фактори (18,8% од компаниите)



# АЗЕСКИ: ПОДДРШКА ЗА ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА И ЗА ИНОВАТИВНОСТА ВО КОМПАНИИТЕ ЗА ПОГОЛЕМА ПРОДУКТИВНОСТ И ЗА ИЗВОЗНА КОНКУРЕНТНОСТ




На работниот состанок во просториите на Комората, претседателот Азески пред раководниот тим на Фондот за иновации и технолошки развој, предводен од директорот Коста Петров, ги презентираше актуелните проекти и стратешките активности на Комората, ставајќи акцент врз поддршката на компаниите во нивните извозни активности, за кои особено значење имаше примената на нови технолошки решенија, иновации, што е и во рамките на полето на дејствување на Фондот. Во таа насока, за очекување е дека најмоќната бизнис-асоцијација, ставајќи се во функција на своите членки, во соработка со ФИТР, ќе треба да воспостави координирано институционално дејствување, за да се постигне и поголем економски раст на национално ниво. Улогата на Фондот, вели Азески, е да ги поддржи и да ги поттикне компаниите во изнаоѓањето форми на инвестиции, преку финансиска поддршка за производствените, извозните и за иновативните решенија, во насока на нивна поголема конкурентност на странските пазари.

На работната средба претседателот на Стопанската комора стави акцент и врз клучните приоритети во борбата против сивата економија и против корупцијата, преку итна потреба од дигитализација на државната администрација, но и преку финансиска поддршка за дигитализација на компаниите, со примена на системите

САП како современи, докажани и проверени дигитални решенија, кои овозможуваат поголема ефикасност, ефективност и поголема продуктивност.

В.д. директорот на Фондот за иновации и технолошки развој, Коста Петров, ги образложи приоритетите на Фондот за следните 2 до 3 години, преку помош и преку поттикнување на развојот на реалниот сектор, вклучувајќи ги и старт ап компаниите кои нудат иновативни и технолошки развојни производи и на кои им недостига поддршка, како финансиска така и системска, но и нивно поврзување со средни и со големи успешни компании, кои би ги развиле нивните иновативни и развојни производи до крајна употребна вредност. Како проект од ФИТР, се најави идејното предлог-решение за Технолошкиот парк, за кој се побара заедничо дејствување во процесот на развој и на примена на ова решение.

Претседателот Азески искажа благодарност што ФИТР ја препознава Комората, која следната година одбележува еден век постоење, како партнер за своите развојни проекти и предложи преку заеднички континуирани работни средби на тимови од двете институции да се продолжи со изнаоѓање решенија, како и со градење различни механизми, алатки и можности, кои ќе значат поддршка за бизнисот, која ќе овозможи економско заздравување, но и забрзан раст на економијата во следните години.



# КОНСТИТУИРАН СОВЕТОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ




Денес (17.09.2021 година), во рамките на Стопанската комора на Северна Македонија се конституираше Советот за унапредување на високото образование. Со тоа Комората продолжува да ги реализира зацртаните активности за компаниите во рамките на Вториот столб за развој, иновации и знаење кој таргетира развој на постојните и воведување на нови услуги од интерес за сите компании (не само за членките на Комората) во нашата држава.

Додека Првиот столб при Комората и понатаму продолжува да функционира преку Здруженијата, Асоцијациите, Групациите, Центарот за едукација, Центрот за проекти, Бизнис канцеларијата и Центарот за анализи, Втор столб ја исполнува задачата за пружање нови услуги од интерес на бизнисот и сите компании како што се консултантски услуги и лобирање за фирмите, решавање на споровите преку арбитражата и медијацијата, создавање Берза на трудот, формирање на Институт за извоз, поврзување на странските инвеститори со домашните добавувачи, преквалификации, создавање Школа на бизнис лидери.

Советот ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ кој денес во Стопанската комора на Северна Македонија отпочна со својата работа има три

приоритетни цели, кои се состојат во развивање и унапредување на три прогами:

- Програма„Скопје" – која нуди едукативни и други настани кои се реализираат преку Клубот на менаџери- претприемачи во рамки на Стопанската комора на Северна Македонија,
- Програма „Охрид" – која нуди едукативни и други настани кои ќе се реализираат преку воспоставување Школа на бизнис-лидери преку програми на менторство и
- Програма „Дојран" – која нуди едукативни и други настани кои ќе се реализираат преку воспоставување Школа за продуцирање кадри за извозот, со крајна цел формирање Институт за извоз.

За претседател на Советот за унапредување на високото образование е избран д-р Глигор Бишев, Шпаркасе банка Македонија АД Скопје, додека за потпретседател на Советот е избран Проф. д-р Горан Петрески, Економски факултет, УКИМ Скопје.

Советот за унапредување на високото образование во својата агенда на активности постави реализација на задачи поврзани со организирање и поттикнување соодветни облици за континуирано функционално образование и иновација на знаењата на раководните кадри, како и на другите стручни кадри и професионална надградба на стекнатите знаења преку организирање стручно оспособување - обуки, семинари, работилници и други начини на едукација.

Советот преку соработката со домашните и странски институции има главна цел освен развој и промоција на едукативните настани во трите Програми одделно да ја поттикнува имплементацијата на европските правила и стандарди и перманентното функционално образование и иновација на знаењата на високобразовните кадри со главна цел преку воспоставување Школата за продуцирање кадри за извоз да формира Институт за извоз.

Советот за унапредување на високото образование ќе одржи прес конференција на 27.09.2021 година (понеделник) во 11.00 часот во редовниот термин за одржување на прес конференции на Стопанската комора на Северна Македонија на која подетално ќе бидат претставени сите три Програми.

# АЗЕСКИ: СО УСПЕШНИОТ КАДАР ВО КОМПАНИИТЕ КОМОРАТА ГРАДИ ИЗДРЖАНИ СТАВОВИ И РЕШЕНИЈА ЗА ОДРЕДЕНИ ПРАШАЊА КАЈ ВЛАДАТА



Делегација на Стопанската комора на Северна Македонија, предводена од претседателот Бранко Азески, продолжувајќи ја теренската активност во периодот на постковид, оствари работна средба со менаџментот на компанијата „Филип Морис – Тутунски комбинат – Прилеп“ (ПМТКП) ДОО Скопје.

Компанија која има стратешка цел за воведување иновативни решенија, вложувајќи во поздрава животна средина, како и во истражување и развој. Шест од најдобрите светски меѓународни 15 брендови, кои опфаќаат повеќе од 180 пазари, се на „Филип Морис“, вклучувајќи го и „Марлборо“, светски број еден. Но, тука не завршува нивната визија за пушачите. Во компанијата се посветени да направат нешто многу подраматично – производството на обични цигари да го заменат со производи без чад. Затоа, повеќе од 430 научници, инженери и техничари работат на развој на помалку штетни алтернативи на цигарите, во двата истражувачки капацитети во Швајцарија и во Сингапур. Тоа е најголемата промена во историјата на оваа компанија, како и на нивните потрошувачи, акционерите и на општеството во целина.

„Во новата стратегија на Комората најзначајно место ќе имаат токму компаниите

како вашата, со високи професионални стандарди, кои инвестираат во напредни технологии и кои создаваат производи со додадена вредност, со што ја зголемуваат конкурентноста на македонската економија", порача претседателот Азески на средбата со менаџментот на компанијата.

„Но, за континуиран развој и за следење на најновите технологии и трендови од компаниите, потребна е соодветна деловна клима, за што надлежност имаат државните институции, во насока на поттик на нови странски вложувања во земјата. Стратегијата во регионот е веќе позната – отворен Балкан, без граници, со слободен проток на стоки, услуги, капитал и на луѓе, иницијатива која е поддржаната и директно од Стопанската комора на Северна Македонија, која е целосно вклучена во создавањето амбиент за поголемо регионално поврзување и за економска соработка. На патната инфраструктура активно се работи. На ред се железницата и гасоводот. Сите треба да ја разбереме неопходноста од регионална соработка, затоа што само на тој начин Европа ќе нѐ препознае како партнери", истакна Азески на средбата.

„Соработката со 'Филип Морис' постои од самите почетоци, а дејствувањето на нејзините претставници во телата на Комората и како експерти во одредени области е патоказ како треба да се соработува со домашниот бизнис. Токму затоа, Комората гради односи со вакви компании, со кои можеме да наметнеме свој став и решенија за одредени прашања кај Владата. И во наредниот период интензивно ќе работи за елиминирање на сивата економија и на корупцијата, за поддршка на извозните компании и за енергетски достапни решенија, со што ќе се намалат трошоците на домашните компании. Се работи и на забрзано воведување нови технологии во администрацијата", констатира претседателот Азески.

Генералниот директор на „Филип Морис – Тутунски комбинат – Прилеп" ДОО Скопје, Иван Костиќ, информираше за сегашните активности, но и за идните планови на компанијата во делот на помалку штетни алтернативи на цигарите. „Компанијата е добар пример за придонес во земјава, преку преземањето на 'Тутунскиот комбинат' во Прилеп и преку негово издигнување на едно повисоко професионално ниво. Регионалниот центар на компанијата се префрли од Атина во Скопје и со добар кадар и со големи инвестиции се изгради добар и модерен центар во земјата. 'ПМИ' се менува како компанија и во соработката со Комората гледа можност за напредок. Сивата економија силно ја погодува тутунската индустрија и во таа насока потребни се засилени заеднички активности. Преку Комората, како најголема бизнис-асоцијација, да се чуе гласот на бизнисот и само на тој начин да се дојде до заеднички решенија со Владата", истакна Костиќ.

# ОДРЖАНА РЕГИОНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА „ГРАДЕЖНИШТВОТО И ИНФРАСТРУКТУРАТА ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН“




Во име на Коморскиот инвестициски форум (КИФ) во рамки на проектот „EU support to the WB6 CIF“, Комората за надворешна трговија на Босна и Херцеговина во соработка со стопанските комори од регионот (вклучувајќи ја и Стопанската комора на Северна Македонија) и Европската мрежа на претприемачи организира регионална конференција и виртуелни деловни средби на тема „Градежништвото и инфраструктурата во Западен Балкан“ на 15-16 септември 2021 година.

Во фокусот на дводневниот настан, отворен за шесте економии од Регионот на Западен Балкан: Северна Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора и Србија се градежништвото и индустријата на градежни материјали, како и поврзаните економски сектори и потсектори - обработка на метали и дрво, обновливи извори на енергија, рециклирање отпад. Целта на регионалниот настан е претставниците на бизнис заедницата од шесте земји да покренат дискусија за главните ограничувања и предизвици со кој се соочуваат компаниите од овие сектори и да придонесат за подобрување на деловниот амбиент и за развој на заедничкиот регионален пазар.

Генералниот секретар на КИФ, д-р Татјана Штерјова Душковска, во своето

поздравно обраќање посочи дека градежништвото е еден од секторите што најмногу ги чувствува регионалните предизвици и ограничувања поврзани со движењето на работници, трговската размена на производи, сертификацијата на производите и други. Во таа насока, порача учесниците ја искористат можноста за плодна дискусија од која ќе произлезат конкретни предлози и препораки за подобрување на состојбите, а компаниите да ги искористат деловните средби за воспоставување партнерства и отпочнување заеднички активности на регионалниот пазар.

Јелена Васиќ од Центарот за регионални анализи на КИФ, истакна дека градежништвото и дејностите поврзани со недвижен имот имаат значајна улога во Регионот на Западен Балкан. Учествувајќи со 12,7% во Бруто додадената вредност, градежништвото и дејностите поврзани со недвижен имот продуцираат околу 400.000 работни места и опфаќаат над 90.000 компании и претприемачи, додека бројот на градежни дозволи во 2020 година изнесува повеќе од 30.000 со годишен раст од 9,5 % во последните пет години.

Предмет на дискусија во рамки на првиот панел беа главните ограничувања за градежништвото во земјите од регионот, при што панелистите посочија дека е потребно институциите и креаторите на политиките во овие земји особено да се посветат на решавање на проблемите поврзани со долгите процедури за издавање на работни дозволи и движење на работниците, недостатокот и одливот на квалификуван кадар, меѓусебното признавање на професионалните квалификации и сертификатите за градежни производи.

Обраќање во рамки на овој панел имаше и г-дин Даниел Цеков, потпретседател за градежни материјали на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите при Стопанската комора, кој говореше за проблемите на извозно ориентираните компании кои извезуваат на регионалниот пазар. Тој посочи дека покрај направените напори и преземените активности за усогласување на работењето со европската легислатива и за сертифицирање на своите производи во согласност со европските норми, земјите од опкружувањето кои не се членки на Европската Унија, иако декларативно ги признаваат сертификатите кои се издадени во Европската Унија, редовно бараат повторно испитување и сертифицирање на материјалите во акредитирана лабораторија во самата земја (пр. во Србија), или пак бараат нострификација на сертификатот во земјата (пр. во Босна и Херцеговина) со што преку преземање на нецарински мерки се отежнува трговијата со градежни материјали и се создаваат бариери за пристап на производите на овие пазари, а во нерамноправна положба се ставаат и акредитираните лабаратории за испитување и контрола на производите.

# ПРЕКУ РЕГИОНАЛНИ ЦЕНТРИ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ ДО ПРОДУЦИРАЊЕ НА КВАЛИТЕТНИ КАДРИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУД




сновањето на регионалните центри за стручно образование и обука претставува решение кое во форма на јавно-приватно партнерство обезбедува соработка помеѓу реалниот сектор и образовните институции во насока на градење пазарно ориентиран квалификуван кадар кој одговара на барањата и потребите на реалниот сектор.

Претставници на Стопанската комора на Северна Македонија во рамки на Проектот Образование за вработување во Северна Македонија - Е4Е@мк го посетија Регионалниот центар за стручно образование и обука за квалификации од угостителско-туристичкиот сектор "Ванчо Питошески" од Охрид, кој претставдува еден од трите регионални центри кои беа основани во 2021 година.

Од страна на претставниците од училиштето беше потенцирано дека соработката со угостителските – туристичките објекти (хотели, мотели, хостели, ресторани) од Охрид и Струга е од особено значење во подигнување на квалитетот на наставата која покрај теоретска настава опфаќа и практична настава во училишни кабинети, феријална и практична обука на реално работно место.

Регионалните центри се основаат со цел подигнување на квалитетот на стручното образование преку образовни програми и профили кои се побарувани од компаниите во регионот, давајќи можност на учениците од различни градови од регионот да добијат знаења и вештини кои се бараат на пазарот на труд. На тој начин се создава можност за вложување во современа опрема и машини на едно место со што ќе се подигне квалитетот на практичната обука, а тука голема улога има вклученоста на реалниот сектор во реализацијата на практичната обука. Училиштето располага и со современо опремени кабинети кои дополнително го олеснуваат спроведувањето на практичната настава, овозможувајќи адекватни услови за стекнување знаења и вештини кои ги трансформираат учениците во подготвен кадар на пазарот на труд.

# ПРЕКУ ОБУЧЕНИ ОБУЧУВАЧИ НА МЕНТОРИ ЗА ПРАКТИЧНА ОБУКА ВО КОМПАНИИ ДО КВАЛИТЕНИ МЕНТОРИ ВО КОМПАНИИ



Стручното образование значи синергија на теорија во училница и практична обука на реално работно место во компанија. Но реализацијата на практичната обука во компанија или фирма не е возможна доколку работодавачот во работната организација не обезбеди соодветни услови за реализација на практичната обука, соодветна работна средина, опрема, алати и машини и лице-ментор кое ќе ги води учениците низ работниот процес во самата компанија.

За да го стекне звањето ментор за практична обука, вработеното лице од компанијата мора да помине тридневна обука за ментори која ќе му помогне да ја запознае образовната законска регулатива, комуникацијата со учесниците во процесот, посебно со учениците, подготовка на планот за реализација на практичната обука кој треба да биде во корелација со наставната програма за дадената квалификација, и следењето и вреднувањето на напредокот на учениците.

Досега процесот на сертификација на ментори во организација на Стопанската комора на Северна Македонија го поминале околу 350 ментори од повеќе компании, но имаме само 3 искусни обучувачи кои ги реализираат обуките за ментори. Тргнувајќи од фактот дека интересот на работодавачите да вклучат ученици на практична обука во нивните работни организации е сѐ поголем, посебно со новата уписна политика оваа учебна година која се креираше според потребите за квалификации на работодавачите, и се вклучија дополнително 211 компании, кои треба да поседуваат сертифицирани ментори, се појави нов проблем од недостаток на обучувачи за ментори.

За таа цел, во рамки на Проектот „Образование за вработување во Северна Македонија" во тек е реализација на тридневна обука за обучувачи на ментори за практична обука во компании (16-18 септември, Охрид). Обуката ја реализираа искусни обучувачи според изработена Програма за обука на обучувачи на ментори. На обуката учествуваат претставници од коморите и трите Регионални центри за стручно образование и обука и советници од Центарот за стручно образование и обука. По завршување на обуката, учесниците ќе се здобијат со Сертификат за обучувач за ментори, доколку го положат завршниот испит кој е дел од Програмата за оценување на постигнатите резултати од учењето.


video
example
easily
software
participant
electronic
time
information
teaching
education
content
courses
term online
social
objects
assessment
online
web
example
student
E-LEARNING
knowledge
software
computers
support
electronic
system
work
virtual
assessment
classroom
cost
internet
elearning
example
system
devices
video

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси



Семинар
17.09.2021

# Еднодневен семинар: ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Со стапувањето во сила на Законот за заштита на личните податоци (Службен весник на РСМ, бр. 42/2020), започна периодот на транзиција на компаниите за да ги приспособат системите за заштита на личните податоци на новите правила и начела што ги поставува новиот закон.

Законот за заштита на личните податоци, нуди заштита на личните податоци на сите физички лица чии што лични податоци една компанија ги обработува. Помислата секогаш не води кон заштитата на личните податоци на нашите клиенти, соработници, посетители, итн., но тука спаѓаат и личните податоци на нашите вработени. Како вработените лица се однесуваат во улогата на субјекти на лични податоци, а како работодавачите да се однесуваат како контролори?

На оваа обука, посетителите ќе се стекнат со знаење за тоа како работодавачите - контролори треба да го постават системот за заштита на личните податоци кој ќе ги опфаќа и личните податоци на своите вработени. Кои лични податоци смеат да ги обработуваат, во колкав обем, врз база на кој законски основ, колку време смеат да ги чуваат и слично. Дали можат да се потпрат на согласноста во работните односи? Како да им овозможат на своите вработени да си ги остваруваат своите права како субјекти на лични податоци? Како да се постават во однос на кандидатите за вработување?

По завршување на обуката, слушателите ќе се стекнат со конкретни знаења и вештини за обработката на личните податоци на вработените и каниддатите за вработување.

**Предавач:** Емилија Ангеловска, CIPP/E, CDPO, ISO27001 Lead Auditor – консултант за заштита на лични податоци во Инфиго ИС.

**Контакт лица:**
**м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова**
**++ 389 2 3244074**
**beti@mchamber.mk**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**Семинар
21.09.2021**

# МАГАЦИНСКОТО И МАТЕРИЈАЛНО РАБОТЕЊЕ НИЗ ПРИЗМА НА ДАНОЧНА РЕГУЛАТИВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ИЗРАЗЕНО ПРЕКУ ПРАКТИЧНИ ПРИМЕРИ И ПРИМЕНА НА МСС СТАНДАРДИТЕ

Целта на семинарот е да се разработат темите кои се однесуваат на Законската регулатива, МСС и нивно спроведување во магацинското и материјалното работење, оформување документација, прием, издавање и евидентирање на истото, изготвување на калкулации и попис.

**Предавач:** - Зоран Лазароски, дипломиран економист специјалност финансии и сметководство, со 30-годишно искуство во областа на финансиското работење.

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**Михајло Донев**
**++ 389 2 3244067**
**Mihajlo@mchamber.mk**

Семинар
22.09.2021 - 23.09.2021

# УПРАВУВАЊЕ СО СОФТВЕРСКИТЕ ИЗМЕНИ

Развојот на софтвер претставува двигател за развој, иновации и конкурентност. Во изминатите години развојот на софтвер ја издигна ИТ индустријата, а голем дел од компаниите се фокусираа и кон извоз на софтвер и ИКТ услуги и надвор од границите на домашната економија. Оттука целосниот процес на развивање на софтверско решение е од особена важност за да се осигура испорака на производ кој има голема вредност за клиентот и корисниците, гарантирајќи дека се запазени сите фази и чекори од генерирање на барањето со потребните функционалности, до развој, тестирање и испорака до клиентот.

За таа цел, Стопанската комора на Северна Македонија на 22 и 23 септември 2021 година организира дводневен „онлајн" семинар на тема: „УПРАВУВАЊЕ СО СОФТВЕРСКИТЕ ИЗМЕНИ".

Во рамки на семинарот ќе биде разгледан конкретен развој на нови или измена на постоечки софтверски решенија. Детално ќе бидат разработени сите процеси кои се важни како што се процесот на управување со измените (развој), тестирање и пуштање во продукција. Накратко ќе биде анализирана врската помеѓу овие процеси со други значајни ИТ процеси како што се управување со настани, инцидентни, проблеми итн. Ќе бидат обработени и барањата и одговорностите кои се неопходни за да би се овозможила независност при развој, тестирање и пуштање во продукција

Предавач:
Лука Милинковиќ, ИТ-ревизор во „НЛБ Банка"-Белград,

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**Михајло Донев**
**++ 389 2 3244067**
**Mihajlo@mchamber.mk**

**Семинар**
**23.09.2021**

# НАПРЕДНИ ПИВОТ ТАБЕЛИ И ГРАФИКОНИ ВО ЕКСЕЛ

Пивот табелите во Ексел спаѓаат во најважните алатки во деловното планирање, микроекономската анализа и носењето на одлуки. Во свет во кој сме постојано опкружени со податоци, бројки, трендови и статистики, неопходно е да ги разбираме и да бидеме способни да ги користиме пивот табелите, бидејќи тие се дел од најважните алатки за носење на деловни одлуки

Предавач:

Проф.д-р Зоран Ивановски, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, реномиран регионален стручњак од областа на финансискиот менаџмент и предавач со долгогодишно искуство во земјата и странство.

**Контакт лица:**
**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**Михајло Донев**
**++ 389 2 3244067**
**Mihajlo@mchamber.mk**

**Саем 28.02.2022 - 02.03.2022**

# Саемска манифестација: „International Food and Drink Event (IFE)“

Стопанската комора на Македонија, во соработка со Министерството за надворешни работи на РСМ и со Амбасадата на РСМ во Лондон, ве поканува да учествувате на претстојниот саем Internatonal Food and Drink Event (IFE), кој ќе се одржи од 28 февруари до 2 март 2022 година во Саемскиот центар „Лондон ExCel“.

Поради условите што се наметнати од пандемијата предизвикана од КОВИД 19, настанот (првично предвиден за март 2021 година) се презакажува за нов датум – од 28 февруари до 2 март 2022 година.

Настанот претставува одлична можност за презентација на македонските производители на храна и на пијалаци во Обединетото Кралство и пред другите странски иновативни и глобални производители и купувачи кои ќе бидат присутни.

**Предности зошто да учествувате на саемот**

Учество на 1000 малопродажни купувачи. Пазарот на мало предвидено е да порасне за 10 % во следните 3 години. IFE има моќ за привлекување на сите најголеми трговци на мало во Велика Британија.

Сериозност во деловните потфати. Изложувачите на IFE 2019 се очекува во просек да генерираат 223.000 фунти од деловното работење, засновано врз состаноците и врз првичните разговори што се одржаа.

Седум настапи во еден. Предвидено е да се обединат IFE Manufacturing Solutions; The Hotel, Restaurant & Catering Show; The London Produce Show; European Coffee Expo; The UK Pub Show, како и Festival of Enterprise, креирајќи годишен настан за храна, пијалаци и за услуга каде што е сè на едно место. Се очекува повеќе од 2 000 изложувачи да ги презентираат своите производи и услуги со повеќе од 45.000 присутни.

IFE е единствената трговска изложба за храна и за пијалаци поддржана од Владата на Велика Британија. Главни спонзори на настанот се Одделот за животна средина и рурални работи и Одделот за меѓународна трговија, притоа поставувајќи го настанот високо на агендата на прехранбената индустрија во Велика Британија.

Сите заинтересирани учесници за саемот, со пријава и со резервација на штанд до 18 декември 2020 година, ќе добијат повластени цени и добра локација на штандот.

Подетални информации во врска со настанот можете да најдете на нивната официјална веб-страница: https://www.ife.co.uk/.

**Контакт лица:**

**Васко Ристовски**
**++ 389 2 3244014**
**vasko@mchamber.mk**

**м-р Сања Николова**
**++ 389 2 3244091, М. 071 230 452**
**sanja@mchamber.mk**

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ECONOMIC CHAMBER
OF NORTH MACEDONIA

# ЦЕНТАР ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО И УСЛУГИТЕ




## НАША ЦЕЛ

- давање поддршка за имплементирање на меѓународните стандарди со цел полесен пристап на фирмите на европските пазари и зголемување на деловната активност со партнерите,
- обезбедување на ажурирани податоци и информации од областа на квалитетот, стандардите , а од интерес на фирмите,
- унапредување на знаењата и искуствата со цел подобрување на перформансите на работењето на фирмите

**Контакт:**
Емилија Тодоровска
Телефон: +389 02 3244047
Факс: + 389 02 3244088
emilija@mchamber.mk
www.mchamber.mk

Стопанска Комора на Северна Македонија
ул.”Димитрие Чуповски” бр. 13
Скопје , Република Северна Македонија

## НАШИ АКТИВНОСТИ

**Консултантски услуги** за :

- имплементација на Систем за управување со квалитет согласно **ISO 9001:2015**;
- имплементација на **HACCP** (систем за анализа на ризици и критични контролни точки);
- имплементација на Систем за управување со безбедна храна согласно **ISO 22000:2018**;
- имплементација на Систем за управување со животната средина согласно **ISO 14001:2015**;
- имплементација на **HALAL стандард**;
- имплементација на Систем за управување со здравје и безбедност при работа, согласно **ISO 45001:2018.**

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

TÜV NORD ISO 9001:2015

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

Посетете не’ на веб-порталот:
www.mchamber.mk

Ве очекуваме!

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

99 години
Основана 1922

**Дизајн и графичка обработка**

Стево Серафимов
тел: : (02) 3244032, stevo@mchamber.mk

Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088